З А П И С Н И К
од Сто триесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 26 декември 2025 година

Скопје, декември 2025 година

З А П И С Н И К
од Сто триесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 26 декември 2025 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 11:40 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем.

На седницата учествуваа д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата учествуваа и
м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади

На седницата учествуваа и Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука и Венера Љатифи Азизи, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи со заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, Мухамед Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Горан Минчев, министер за јавна администрација.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-програма за финансирање на патна инфраструктура за Проектот Коридор 8 и Коридор 10д за 2026 година

2. Барање за одобрување на работењето на Управниот и Надзорниот одбор на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје

3. Барање за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје

4. Барање за одобрување на работењето на Управниот и на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје со кое се овластува в.д. генералниот директор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, да склучи договор за отплата на трите позајмици, заведени под ОДУ бр.5091/17 од 25.12.2017 година, ОДУ бр.2125/18 од 27.12.2018 година и ОДУ бр.2005/2023 од 7.9.2023 година, при што рокот за отплата на долгот се продолжува за времетраење од три години, сметано од денот на потпишувањето на договорот

5. Барање за одобрување на работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

6. Предлог-одлука за одобрување на средства од буџетот на Министерството за образование и наука за 2026 година

7. Известување од извршител Ангел Костадиновски од Кавадарци, доставено под И.бр.377/2025, за Заклучок за втора усна јавна продажба, која ќе се одржи на 30 декември 2025 година, за недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.346, за КО Кавадарци, на КП бр.10612/1, викано место/улица „Бул. Македонија“ и Имотен лист бр.10272, за КО Кавадарци, на КП бр.11450, викано место/улица „Моша Пијаде 9“

8. Кадровски прашања

9. Прашања и предлози

10. Информација за статусот на мерката за оптимизирање на 28 парафискални давачки, од Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027, со прилог и Листа од 28 парафискални давачки

11. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Програмата за финансирање на патна инфраструктура за Проектот Коридор 8 и Коридор 10д за 2026 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 2**

Владата го разгледа Барањето за одобрување на работењето на Управниот и Надзорниот одбор на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје и го прифати, со следните заклучоци:

1. Се укажува на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост- Скопје и Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, во рок од три дена, да склучат Анекс бр.3 кон Договорот за заем солеминизиран под ОДУ бр. 214/2024 од 13.12.2024 година, за продолжување на рокот за враќање на позајмицата за три години.

2. Се укажува на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост- Скопје и Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас Скопје во државна сопственост, во рок од три дена, да склучат Анекс бр.2 кон Договорот за заем солемнизиран под ОДУ бр. 2371/24 од 26.12.2024 година, за продолжување на рокот за враќање на позајмицата за три години.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид мислењето кое Министерството за финансии ќе го достави до Владата.

**Точка 3**

Владата го разгледа Барањето за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје и ги донесе следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го усвои Барањето за одобрување на работењето на Управниот одбор на за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје.

2. Се укажува на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје и Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (АД МЕПСО), во рок од три дена, да склучат договор за одложено плаќање со важност од три години.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид мислењето кое Министерството за финансии ќе го достави до Владата.

**Точка 4**

Владата го разгледа Барањето за одобрување на работењето на Управниот и на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје со кое се овластува в.д. генералниот директор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, да склучи договор за отплата на трите позајмици, заведени под ОДУ бр.5091/17 од 25.12.2017 година, ОДУ бр.2125/18 од 27.12.2018 година и ОДУ бр.2005/2023 од 7.9.2023 година, при што рокот за отплата на долгот се продолжува за времетраење од три години, сметано од денот на потпишувањето на договорот и ги донесе следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го усвои Барањето за одобрување на работењето на Управниот и на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје со кое се овластува в.д.генералниот директор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, да склучи договор за отплата на трите позајмици, заведени под ОДУ бр.5091/17 од

25.12.2017 година, ОДУ бр.2125/18 од 27.12.2018 година и ОДУ бр.2005/2023 од 7.9.2023 година, при што рокот за отплата на долгот се продолжува за времетраење од три години, сметано од денот на потпишувањето на договорот.

2. Се укажува на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје и Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје (АД МЕПСО), во рок од три дена, да склучат договор за отплата на трите позајмици заведени под ОДУ бр.5091/17 од 25.12.2017 година, ОДУ бр.2125/18 од 27.12.2018 година и ОДУ бр.2005/2023 од 7.9.2023 година и за продолжување на рокот за враќање на позајмиците за период од три години.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид мислењето кое Министерството за финансии ќе го достави до Владата.

**Точка 5**

Владата го разгледа Барањето за одобрување на работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и притоа ги донесе следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го усвои Барањето за одобрување на работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

2. Се укажува на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО), во рок од три дена да склучат договор за одложено плаќање за враќање на позајмицата, за период од три години.

Истовремено, Владата заклучи, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и мислењето кое Министерството за финансии, ќе го достави до Владата.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за одобрување на средства од буџетот на Министерството за образование и наука за 2026 година и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

**Точка 7**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Ангел Костадиновски од Кавадарци, доставено под И.бр.377/2025, за Заклучок за втора усна јавна продажба, која ќе се одржи на 30 декември 2025 година, за недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.346, за КО Кавадарци, на КП бр.10612/1, викано место/улица „Бул. Македонија“ и Имотен лист бр.10272, за КО Кавадарци, на КП бр.11450, викано место/улица „Моша Пијаде 9“ и по истото ги усвои Мислењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Известувањето од Министерството за транспорт.

**Точка 8**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 9**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на мерката за оптимизирање на 28 парафискални давачки, од Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027, со прилог и Листа од 28 парафискални давачки и согласно расправата на седницата на Владата, ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Листата од 28 парафискални давачки предложена во рамки на ИПА проект за оптимизација на парафискални давачки.

2. Се задолжува Министерството за економија и труд, да формира работна група за оптимизација на 28 парафискални давачки, со претставници од Министерството за финансии, Министерството за европски прашања, Министерство за економија и труд, Министерството за дигитална трансформација, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија, Централниот регистар на Република Северна Македонија, најдоцна до 31.12.2025 година.

3. Се задолжува Министерството за економија и труд да обезбеди експертска поддршка на работна група, за изработка на Методологија за процена на 28 парафискални давачки, со цел нивна оптимизација, најдоцна до 31.12.2025 година.

4. Се задолжува Министерството за економија и труд до Владата да достави, информација за текот на активностите за оптимизација на 28 парафискални давачки, најдоцна до 30 јануари 2026 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид мислењето на Министерството за финансии, што ќе го достави до Владата.

**Точка 11**

Владата заклучи:

1. Ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, усогласена со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ги обезбеди потребните услови од член 59 од Уредбата, во делот на потребните податоци за примена на доказите за потекло и методите на административна соработка со Соединетите Американски Држави, со цел исполнување на условите за примена на преференцијалниот третман на стока со потекло од Соединетите Американски Држави.

*

*       *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:15 часот.